Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (13) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 април 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за уважување на приговор

1. Приговорот на Кумбароски Ристо од с. Радожда, Струга УП2 09-359/23 од 7 декември 2023 година против Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-558 од 9 ноември 2023 година СЕ УВАЖУВА.

2. Решението за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-558 од 9 ноември 2023 година СЕ ПОНИШТУВА.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВА Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да изработи нова пресметка за трошоци согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Кумбароски Ристо од с. Радожда, Струга до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-359/23 од 7 декември 2023 година против Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-558 од 9 ноември 2023 година на КЕЦ Струга, против висината на трошокот за приклучок, 114.237,00 денари за 11kW.

Објектот на жалителот се наоѓа на иста локација за која се поднесени повеќе Приговори од соседите.

Според Електродистрибуција - во доставената документација покрај имотниот лист ја нема потребната документација потребна за приклучок, туку има ”Потврда за поставување на пумпа” издадена од Општина Струга. Нема урбанистичко-планска документација за тоа подрачје.

Согласно на доставената документација како и сите останати баратели во оваа област кои се со слична документација, ова барање е третирано како нестандарден приклучок бидејќи се работи за објект кој се наоѓа во зона вон плански опфат односно нема детален урбанистички план.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 28 февруари 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Одговор на Приговор од ЕВН УП2 09-359/23 од 7 декември 2023 година со прилог:

-Барање од сопственици и инвеститори во с. Радожда, поднесено до КЕЦ Струга

-Пресметка на надоместок за приклучување на корисник на дистрибутивна мрежа преку нестандарден приклучок

-Приговараното Решение
-Барање за согласност за приклучок
-Приговор
-Имотен лист
-Еднополна шема
2. Дополнителни докази од ЕВН од 15 декември 2023 година со прилог:
-Извештај за пад на напон во мрежата
-Извештај за оптоварување на трафостаница
-Техничко образложение за предвидената инвестиција
-Спецификации на трошоци

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е основан.

Согласно член 93 став (2) од Законот за енергетика (Службен весник на РМ бр. 96/18 и Службен весник на РСМ бр. 96/19 и 236/22) операторот на електродистрибутивниот систем е одговорен за одржување, надградување и проширување на електродистрибутивната мрежа како и за функционирање на електродистрибутивниот систем и е должен да обезбеди негово поврзување со електропреносниот систем.

Согласно став (3) точка 2) од истиот член, операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, е должен да обезбеди сигурна, безбедна и квалитетна дистрибуција и испорака на електрична енергија преку електродистрибутивниот систем со којшто управува, на недискриминаторен и транспарентен начин, и во согласност со пропишаниот квалитет.

Согласно став (3) точка 3) од истиот член, операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, е должен да ги приклучи производителите и потрошувачите на електродистрибутивниот систем со кој управува во економско-технички оптимални точки, како и да овозможи пристап на трета страна за користење на електродистрибутивниот систем

Имајќи го предвид горенаведеното, како и фактот дека пресметката не е изработена согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–359/23**
**18 април 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**